**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# О Д Л У К А

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите

Скопје, Декември 2018

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 339/15.12.2016, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седницата одржана на __________2018, донесе

**О Д Л У К А**

за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите

**Член 1**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ја одобрува прераспределбата на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, во вкупен износ МКД 489.808.811,00 (противвредност од 7.964.370,00 ЕВРА пресметани по курс од 61,5 МКД за ЕВРО).

**Член 2**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука не е расположлив во иднина за исплата на дивиденда на акционерите (ограничена за распределба на акционерите) и како таков, во согласност со релевантната важечка регулатива на Народната Банка на Република Македонија, има третман на основен капитал на Стопанска банка АД - Скопје.

**Член 3**

Наведениот износ од член 1 од оваа Одлука ја вклучува распределената акумулирана добивка согласно Одлуките за распределба на добивката на Стопанска банка АД – Скопје од прдходни години.

**Член 4**

Образложението е интегрален дел од оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука ќе стапи на сила со денот на донесувањето.

С.О. бр.
_________2018
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на своите годишни седници одржани во претходните години донесе релевантни одлуки за распределба на добивката, со кои одредени износи се распределуваат во акумулирана добивка.

Со предложената Одлука се предлага наведените акумулирани добивки од предходните години кои прават вкупен износ од МКД 489.808.811,00 противвредност од 7.964.370,00 ЕВРА пресметани по курс од 61,5 МКД за ЕВРО, да се прераспределат во акумулирана добивка која нема да биде расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина (ограничена за распределба на акционерите) во согласност со одредбите на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватност на капиталот (Сл.весник на РМ бр.47/12…..218/16).

Горенаведеното е со цел осигурување на стапката на адекватност на капиталот да биде на минимум пропишаното ниво од 15.5% и за поддршка на Бизнис Планот на Банката во наредниот период.

Согласно горенаведеното се предлага Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје да ја донесе Одлуката за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите, како што е предложено.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**